# КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЏОНСОН МЕТИ СТИПЕНДИИ

## за додипломски студии на Институтот за хемија, Природно-математички факултет Универзитет Св.Кирил и Методиј - Скопје 2015 / 2016

Johnson Matthey
Catalysts

Џонсон Мети Скопје е општествено-одговорна компанија која активно работи да ги мотивира младите да го продолжат своето образование во сферата на хемиските науки, со што придонесува постојано за развивање на човековиот капитал и неговиот квалитет. За таа цел Џонсон Мети Скопје за прв пат распишува Конкурс за доделување стипендии на студенти во прв циклус - додипломски студии запишани на Институтот за хемија при Природно-Математичкиот Факултет, Универзитет Св.Кирил и Методиј Скопје. На овој начин Џонсон Мети преку поттикнување на младите за нивно дообразование и специјализирање во областа на хемијата, настојува да обезбеди и подмладок на стручниот кадар преку континуирано следење и развој на млади таленти и отворање на можности за нивен ангажман во иднина за потребите на компанијата.

Стипендијата се доделува за вкупно семестри за додипломски студии од прв циклус колку што се предвидени со статутот на високообразовната установа во Република Македонија. Стипендијата е во висина од 6.000 МКД по семестар и се доделува за вкупно семестри за додипломски студии од прв циклус колку што се предвидени со програмата на Институтот за хемија при Природно-Математичкиот факултет Скопје.

Дополнително на корисникот на стипендијата целосно ќе му се надоместат трошоците за студирање и тоа : уписнина и потребен материјал за учење пропишан од самата високообразовната установа, разни такси, осигурување. Висината на средствата за уписнина се определуваат согласно доставен официјален документ од Институтот за хемија при Природно-Математичкиот факултет Скопје но не може да изнесуваат повеќе од 3000 МКД по семестар.

Право да се пријават имаат кандидатите кои ги исполнуваат следните услови:

- Кандидатот до денот на пријавувањето да остварил успех во средно образование од најмалку 4.50, а доколку учи средно образование во странство, да остварил еквивалентен просечен успех од најмалку 4,50 / Во случај повеќе кандидати да имаат остварено ист успех од средно образование, предност ќе им се даде на оние кандидати кои доаѓаат од средните технички училишта, особено хемиските
- Кандидатот да е примен на редовни додипломски студии од прв циклус прв пат во прва година на Природно-математичкиот факултет Скопје, Институт за хемија, од сите студиски програми
- Да не е корисник на стипендија од друг давател / Да е државјанин на Република Македонија
- Како дополнителен критериум ќе се земе и евентуалното учество и/или освојување награда од државен натпревар по хемија организиран за ученици од средни училишта.

Сите заинтересирани треба да достават пријава, диплома и уверение за завршено средно образование, потврда од Институтот за хемија при Природно-Математичкиот факултет Скопје дека кандидатот е примен првпат во прва година на додипломски студии од прв циклус во академската 2015/2016 година, од кога започнува семестарот и колку семестри траат студиите, мотивациско писмо и кратка биографија, уверение за државјанство на Република Македонија. Потребните документи за доделување на стипендиите за додипломските студии од прв циклус може да се доставуваат во оригинал или копии заверени на нотар до Проф. Др. Марина Стефова или скенирани на емаил mkhr@matthey.com со назнака за Стипендии.

**Аплицирајте во периодот од 23/09/2015 до 09/10/2015**

EMISSION CONTROL TECHNOLOGIES